# ХРИСТОС СЕ РОДИ!



ХРИСТОС СЕ РОДИ!

## НАВИСТИНА СЕ РОДИ!

**РЕДАКЦИЈАТА НА *ПРЕМИН* ВИ ГО ЧЕСТИТА ПРАЗНИКОТ НА ХРИСТОВОТО РОЖДЕСТВО!**

# Стефан, Архиепископ Охридски и Македонски



Возљубени,

Да празнуваме -
радувајќи се и славејќи го Настанот што оваа ноќ се случи во Витлеем!
„Бог се јави во тело" и Господ „на сите ни даде спасение".

Да празнуваме
- зашто Божик, Денот на Христовото Рождество, постана ден и за наше повторно раѓање во Бога, постана ден во кој се родија и нашата вера, и нашата надеж и нашата љубов.

И покрај сета љубов што Бог ја покажа кон нас луѓето, и покрај сета жртва што ја направи за родот човечки, и покрај мирот што ни го донесе и остави, покрај сè - сè уште недостасува љубов меѓу нас, сè уште како да е недоволна жртвата од Голгота, сè уште мирот не се зацари во светот!

# Божиќно послание до читателите на Премин

Како чеда на Македонската Православна Црква, како дел од големото и многубројно православно семејство, да се трудиме и на дело да потврдиме дека сме со Христа! Да потврдиме во практика дека Го љубиме Бога, дека ги сакаме сите луѓе! - А како ќе го посведочиме сето тоа? - Преку верата! Преку познавањето и преку живеењето, преку покајанието и проштевањето, преку примањето на Христа во Причеста - преку практикувањето на Христовите вистини и заповеди! Зашто, еве, не е доволно да го запалиме коледарскиот оган ако во нас не гори пламенот на верата, не е доволно да пееме коледарски песни ако нашата уста не е постојан исповедник на Бога, придружник во славењето на Бога - како она ангелско пеење над Витлеем, и не е доволен и најбогатиот Бадник и најбогатата трпеза, ако во нашите души и срца постојано одново не се раѓа Христос.

Овој Божик, нека биде потврда дека и ние како народ и Црква живееме со Радоста, живееме со Љубовта, живееме со Празникот во кој се роди Бог - и дека живееме со сите дни, со сите празници коишто се родија од овој ден и празник!

Божик и сите денови од Годинава што е пред нас нека ни бидат денови на мир и помирување, нека ни бидат време на разбирање и радост, и, дај Боже, нека траат вечно!

Да празнуваме, зашто празнувањето, пред сè, е радување во Господа!

Честит Божик и нека ни е честито и од Бога благословено Новото 2004 лето Господово!

Христос се роди!

Ваш молитвеник пред Богомладенецот,
Архиепископ Охридски и Македонски

# слава на Бога во висините и на земјата мир !

Божиќно Евангелие
(според Лука 2, 1-22)

Во тие дни излезе заповед од кесарот Август за попис на сите жители. Тоа беше прв попис за управувањето на Квиринij во Сирија. И отидоа сите да се запишат, секој во својот град. Отиде и Јосиф од Галилеја, од градот Назарет, во Јудеја, во градот Давиов, наречен Витлеем, бидејќи беше од домот и племето Давидово, за да се запише со Марија, свршената за него жена, која не беше празна.

А кога беа таму, нејзе ѝ дојде времето да роди. Го роди својот Син првенец, Го пови и Го положи во јасли, оти за нив немаше место во гостилница.

Имаше пастири во тој крај, кои ноќеваа таму и го чуваа своето стадо. И одеднаш се јави ангел Господов меѓу нив и славата Господова ги осветли; и се уплашија многу. А ангелот им рече: *Не бојте се! Еве, ви соопштувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе; зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ; и еве ви знак: ќе најдете повиен Младенец како лежи во јасли.*

И одеднаш со ангелот се јави многубројно небесно воинство, кое Го славеше Бога, велејќи: *Слава на Бога во висините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја!*

Кога си отидоа ангелите од нив на небо, пастирите си рекоа помеѓу себе: *Да отидеме во Витлеем и да видиме што станало таму, за кое ни соопшти Господ.* И дојдоа брзо и ги најдоа Марија и Јосифа, и Младенецот како лежи во јасли. А штом видоа, кажаа сè што им беше речено за Тоа Дете. И сите, што чуја, се восхитуваа на сето она што им раскраваа пастирите. А Марија ги пазеше сите тие зборови, слагајќи ги во срцето свое.

И се вратија пастирите, славејќи Го и фалејќи Бога за сè она што чуја и видоа, како што им беше речено. А кога се навршија осум дена, за да биде обрезан Младенецот, Му кладоа име Исус, известено од ангелот уште пред да биде зачнат во утробата. И кога се навршија деновите на нејзиното очистување, според законот на Мојсеја, Го донесоа во Ерусалим за да Го претстават пред Господа...

А кога се исполни времето го прати Бог Синот Свој единороден (Гал. 4, 4), да го спаси родот човечки. И кога поминаа девет месеци од Благовештението, што архангел Гаврил ѝ го јави на Пресветата Дева во Назарет велејќи: *Радувај се, благодатна ... еве ќе зачнеш и ќе родиш син*, - во тоа време дојде заповед од кесарот Август за попис на целиот народ во Римското царство. Заради оваа заповед секој требаше да оди во својот град. Затоа и Јосиф Праведниот дојде со Пресветата Дева во Витлеем, градот Давидов, бидејќи двајцата беа од царското колено Давидово. И бидејќи во тој мал град дојдоа многу луѓе заради пописот, Јосиф и Марија не можеа да најдат конак во ниедна куќа, поради што влегоа во една овчарска пештера, каде што пастирите ги затвараа своите овци. Во таа пештера, во ноќта помеѓу сабота и недела, на 25 декември Пресвета Дева Го роди Спасителот на светот, Господ Исус Христос. И откако Го роди без болка, како и што го зачна без грев, од Светиот Дух а не од човек, самата Го пови во пелени од лен, Му се поклони како на Бог и Го положи во јасли. Потоа пристапи и Праведниот Јосиф, и тој Му се поклони како на Божествен плод од девствена утроба. Тогаш дојдоа и пастирите од полето, упатени од ангелот Божји, и Му се поклонија како на Месија и Спасител. И слушнаа пастирите мноштво ангели Божји како пеат: *слава на Бога во висините, и на земјата мир, меѓу луѓето добра волја.*



Синот Божји
Единороден,
роден
во вечноста
од Отецот
без мајка,
се роди
во времето
од мајка
без татко.
На
најголемата
тајна
во времето
одговара
најголемата
тајна
во вечноста.

## СЛАВА НА БОГА ВО ВИСИНИТЕ, И НА ЗЕМЈАТА МИР, МЕЃУ ЛУЃЕТО ДОБРА ВОЛЈА.

Во тоа време стигнаа и тројцата мудреци од Исток водени од чудесната ѕвезда, со своите дарови: злато, ливан и смирна, и Му се поклонија како на Цар над царевите, и Го даруваа со своите дарови. Така дојде во светот Оној, чиешто доаѓање беше проречено од пророците. Се роди како што беше проречено: од Пречистата Дева во градот Витлеем, од коленото Давидово по тело, во време кога во Ерусалим повеќе немаше цар од родот на Јуда, туку царуваше Ирод туѓинецот. По многу Свои праобрази и навестувања, пратеници и ангели, пророци и праведници, мудреци и цареви, на крајот се јави Он, Господарот на светот и Царот над царевите, да го изврши делото на спасението човечко, што не можеа да го извршат *слугите Негови. Амин.*





РАДУВАЈ СЕ, БЛАГОДАТНА ... ЕВЕ ЌЕ ЗАЧНЕШ И ЌЕ РОДИШ СИН

ВО ТАА ПЕШТЕРА, ВО НОЌТА ПОМЕЃУ САБОТА И НЕДЕЛА, НА 25 ДЕКЕМВРИ ПРЕСВЕТАТА ДЕВА ГО РОДИ СПАСИТЕЛОТ НА СВЕТОТ, ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС.